ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:34-169/9**

**Дата: 16.10.2012**

**ДО**

**АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО – БИТОЛА**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Предмет на Конечниот извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството - Битола (во натамошниот текст Агенцијата), сметка на основен буџет - 637 за 2011 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на Агенцијата за 2006 година, во кој изразено е мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи како и за законското и наменското трошење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

Препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2006 година делумно се спроведени.

Изразено е мислење со резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи за 2011 година, поради нереално прикажување на материјалните средства, како резултат на нецелосно евидентирање на градежните објекти со кои располага Агенцијата и незаведено земјиште во сметководствената евиденција.

Изразено е мислење со резерва во однос на усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики, поради утврдени слабости во контролниот систем, како и неусогласеност на законски прописи и интерни акти.

| **Ревизорски тим:** | **Овластен државен ревизор** |
| --- | --- |
| *1.*___________________________ | _________ ________________ |
| *2.*___________________________ | |
| *3.*___________________________ | |
| *4.*___________________________ | |

Ревизијата укажува дека ограничените финансиски средства и човечки ресурси влијаат на реализирањето на активностите зголемувајќи го ризикот основната мисија на Агенцијата да не се исполни во целост.

Исто така, Ревизијата укажува на потребата од дефинирање на односите и потпишување на договор помеѓу МЗШВ и Агенцијата, за регулирање на взаемните права и обврски за прибирање и користење на сметководствените податоци од земјоделските стопанства, а особено околу сопственоста на податоците, пристапот, ажурирањето и одржувањето на централната база со податоци од фармите по имплементација на проектот.

Постапувајќи по Заклучок на Владата на РМ, Агенцијата не може да го користи фондот на средства, добиени преку проект на Светска банка за набавка на возила на лизинг, со што се доведува во прашање обновувањето на возниот парк и извршување на основната дејност.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 16 до 18 заедно со ревизија на усогласеност на Агенцијата – сметка за редовно работење кои се состојат од Билансот на приходи и расходи и Билансот на состојба за 2011 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со законите и прописите на Агенцијата – сметка за редовно работење за 2006 година во кој изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и во однос на законското и наменското трошење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи изразено.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

› Јордан Кузмановски, директор на Агенцијата.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерни контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на разумни сметководствени проценки во дадените околности.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики, во сите материјални аспекти.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите на Агенцијата - сметка за редовно

работење се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот.

Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени во согласност со применливата рамка за финансиско известување, во сите материјални аспекти.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики, во сите материјални аспекти.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на

овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извешти. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1 погоре е планирана и извршена во периодот од 04.06.2012 до 27.07.2012 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на претходната ревизија - спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за 2006 година. Во однос на препораките на овластениот државен ревизор утврдено е следното:

- Годишната Програма на Агенцијата се подготвува врз основа на извештаите, анализите и плановите што ги изготвуваат Работните единици за работењето на советниците.
- Со имплементирање на софтверот СЕМПА, со кој се врши евиденција, мониторинг и планирање на активностите, воспоставен е систем за контрола на теренските активности.
- Дизајнирани се процедури за следење на трошоците по видови (стандард ISO 9001:2008).
- Воведена е внатрешна ревизија
- Орочените средства во износ од со кои располагала Агенцијата во деловна банка, префлени се во Народна банка на РМ, во рамки на трезорскиот систем.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Агенцијата – предмет на ревизија на 30.08.2012 година.

Од страна на Агенцијата не се добиени забелешки на Нацрт - извештајот во законскиот рок.

### 4.1. Интерни контроли

4.1.1. Со извршениот увид во интерните акти со кои се уредуваат начинот на организација, систематизација на вработените и број на ангажирани извршители на работни задачи во Агенцијата, ревизијата ги констатира следниве состојби:

- Во Правилникот за систематизација на работни места, во делот на посебните услови (вид на образование) за работните места Виш референт и Самостоен референт по сектори и одделенија, не е прецизирано каков вид образование е потребно за вршење на работните активности, што не е во согласност со член 1 од истиот Правилник.

  Со непрецизирање на посебните услови за горе наведените работни места се остава простор за прием на кадар со несоодветно образование т.е. неквалификуван да одговори на работните активности тесно поврзани со основната дејност на институцијата.
- Недоволна кадровска екипираност во поголем дел од секторите и одделенијата.
  - Потребата од доекипирање, најмногу е изразена во Секторот за развој на земјоделството, кој е всушност носител на основната дејност на Агенцијата. Во рамките на овој Сектор, одделни работни единици во составот на регионалните центри, Тетово, Скопје, Куманово, Штип функционираат со еден или двајца вработени, кои се одговорни за директна комуникација и давање на стручна помош на земјоделците и сточарите.
  - Со Правилникот за систематизација, предвидено е одделение за јавни набавки, со 5 работни места (раководител, помошник раководител, 2 советници и еден самостоен референт). Но, ова одделение не е екипирано, а сите активности поврзани со процесот на јавните набавки ги спроведуваат Раководителот на Секторот за правни и општи работи и самостојниот референт за обработка на документацијата и материјалното работење на Агенцијата.

Имајќи предвид дека кадровската не екипираност го отежнува функционирањето на установата во смисла на квалитетното и навремено извршување на активностите, раководното лице на Агенцијата, со цел да го надмине проблемот од недостиг на потребни човечки ресурси, доставило информација и пополнет образец за потребите од човечки ресурси до Министерството за информатичко општество и администрација.

Покрај тоа што Агенцијата се соочува со недостиг на човечки ресурси, по барање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, шест вработени склучиле спогодби за вработување во истата без јавен оглас.

**Препорака**

Одговорните лица на Агенцијата да преземат активности за усогласување на актите за организација и систематизација на работни места.
Да се интензивираат активностите за намалување на недостигот од човечки ресурси, имајќи ја предвид улогата и значењето на Агенцијата во поттикнување на земјоделството, како една од најзначајните гранки во стопанството.

4.1.2. При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на безготовинско и готовинско плаќање, ревизијата го констатира следното:

- Обврските не се ажурираат редовно, бидејќи влезните фактури се евидентираат истовремено со плаќањето. Со тоа се зголемува ризикот од нецелосно евидентирање, и се создава нејасна слика за висината на неподмирените обврски. Согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, сите податоци регистрирани во деловните книги треба да бидат целосни и комплетирани, навремени и ажурирани и да бидат презентирани хронолошки, односно точно да го одразуваат временскиот редослед на нивното настанување.
- Фактурите за плаќање не се одобруваат од страна на одговорните лица, шеф на сметководство и директорот, ги потпишува само ликвидаторот. Одговорните лица го одобруваат списокот во кој се внесени фактурите по број и датум подготвени за плаќање. Согласно законската регулатива за процесите на плаќања потписите за одобрување на плаќање на фактурата треба да стојат во самата фактура, поради што наведениот список не може да се прифати како аргумент дека фактурите се одобрени за исплата.
- Сметководствените документи со кои се врши готовинска исплата за извршена услуга не ги содржат потребните елементи: вид на услугата, период кога таа е извршена, како и поткрепувачка документација за утврдување на основот и оправданоста на направените расходи.

Имајќи го предвид наведеното, ревизијата констатира дека воспоставените интерни контроли кај процесот на плаќања функционираат на начин кој не обезбедува:

- целосно следење и евидентирање на финанасиската документација,
- јасно дефинирана организациона структура и соодветно разграничување на надлежностите и одговорностите на вработените,
- јасно дефиниран систем за одобрување на трансакциите,
- касови исплати врз основа на целосни и веродостојни сметководствени документи .

**Препораки**

Да се обезбеди електронска евиденција на сите примени документи;
Да се подготват и применат процедури за процесот на плаќање (безготовинско и готовинско) со кои ќе се обезбеди разграничување на должностите и одговорностите на вработените и наменско користење на средствата преку плаќања врз основа на веродостојна поткрепувачка документација.

4.1.3. Во текот на анализата на информациониот систем и апликациите за финансиско и материјално работење на агенцијата утврдени се следниве слабости:

- Ниско ниво на пристап при најавување на системот – нема централизиран пристап, нема политики за пристап, а корисничкото име и лозинката не се временски ограничени.
- Не се прави резервна копија на податоците вклучително и нагодувањата на системскиот софтвер на серверот.
- серверот се чува во не климатизирана просторија со ниско ниво на физичката безбедност (просторијата не се чува заклучена).
- Нема целосна централизирана анти-вирусна заштита на корисниците во системот иако компјутерите се поврзани на интернет.
- Нема пишани политики и процедури за користење на информатичката технологија.
- Нема заштита за најавување во апликациите за финансиско работење и увид и пристап до податоците има од сите компјутери во сметководство.

Наведеното не е во согласност со меѓународните стандарди и најдобри пракси (CobiT) за ИТ безбедност што доведува до ризик од несоодветен развој на ИТ системот, неовластен пристап до податоците, ранливост и губење на податоци во некои сегменти на ИТ системот.
Утврдените состојби доведуваат до внесување и искажување на неверодостојни податоци во електронска форма и можна промена на прокнижените податоци во електронска форма.
Како резултат на наведеното, ревизијата утврди неусогласеност помеѓу сметководствените податоци од електронската евиденција и финансиските извештаи.

**Препораки:**

Агенцијата да преземе мерки за централизиран пристап во системот со што се зголемува безбедноста на пристапот и податоците.
Да се преземат мерки за чување на податоците, нивната достапност со намалување на ризикот од нивно губење како и зголемена физичка безбедност.
Агенцијата да подготви и донесе стандардни политики и процедури за користење на ИТ системот.
Да се разгледа можноста за воспоставување на автоматски контроли во сметководствените апликации, а со оглед на многу застарените решенија да се разгледа можноста за надградба и поврзување на апликациите.

### 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Со увид во финансискиот извештај Биланс на состојба, ревизијата утврди неискажана состојба за претходна година на позициите Други временски разграничувања и краткорочни обврски спрема добавувачите. Наведеното не е во согласност со Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и прифатените сметководствени принципи и стандарди, со цел точно, вистинито, сигурно, сеопфатно, благовремено, ажурно и поединечно искажување на билансните позиции, состојбата на средствата од буџетот и другите средства, обврските, изворите на средства, приходите и другите приливи, расходите и другите одливи и резултатите од работењето.

**Препорака**

Да се обезбеди целосна примена на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

4.2.2. Согласно Законот за основање на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, со Агенцијата управува Управен одбор, чии членови[1] ги именува и разрешува Владата на РМ на предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство за период од четири години, а претседателот на УО го именува Владата на РМ за период од четири години.
Ревизијата смета дека Законот со кој е основана Агенцијата не е усогласен со Законот за Организација и работа на органите на државната управа

[1] УО има девет члена од кои, шест члена се од редот на земјоделските производители, еден член од Земјоделскиот институт, еден член од Институтот за сточарство и еден член од Земјоделскиот факултет

бидејќи содржи одредби кои покрај директор предвидуваат Владата на Република Македонија да именува и Управен одбор како органи на управување на Агенцијата да донесува интерен акт – Статут. Согласно Законот за Организација и работа на органите на државната управа, другите органи на државната управа (дирекции, агенции, комисии) според видот на организацијата и степенот на самостојноста може, со Закон, да се основаат како самостојни органи на државната управа.

Со увид во законските, интерните акти и останатата документација со кои се уредуваат правата и одговорностите се констатира следната состојба:

- Ревизијата не доби уверување дека составот на членовите на УО ги исполнува условите уредени со Законот и Статутот на Агенцијата во делот на нивната професија односно работен ангажман.
- Со Деловникот за работа на Управниот одбор на Агенцијата[2], определено е правото на надоместок на членовите на УО од присуство од седница. Наспроти одредбите во Деловникот, Управниот Одбор во 2010 година донел Одлука[3] со која се утврдени месечни надоместоци на членовите на одборот. Постапувајќи по споменатата Одлука, во текот на 2011 година, во услови кога Агенцијата се соочува со недостиг на финансиски средства, на членовите на УО исплатени им се средства во вкупен износ од 524 илјади денари.
- Агенцијата има донесено Статут[4] со кој се уредени работите за кои е надлежна, начинот на нивното извршување, и делокругот на работа на органите на управување и раководење, како и други прашања од значење на работењето.

  Статутот не е усогласен со Законот за основање на Агенцијата[5] во делот на финансирање на дејноста на агенцијата. Имено, со Статутот е предвидено за период од 10 години (2000-2010 година), Агенцијата да се избори и да стекне поголема финансиска независност преку зголемување на приходите од вршењето на услугите на земјоделците. Но, поради тоа што во реалноста многу е тешко да се остваруваат приходи по основ на извршени советодавни услуги во земјоделството, Агенцијата, како буџетски корисник од прва линија своето работење целосно го остварува со буџетски средства.

[2] Деловникот е донесен со Одлука бр.02-70/1 од 15.07.1998 годин и со истиот се уредени начинот на работа, свикување на седници, и други прашања поврзани со делокругот на работењето на Управниот одбор,
[3] под број 02-134/8 од 27.08.2010 година
[4] Статутот, под број 02-70/3 е донесен на 15.07.1998 година
[5] (Сл.весник бр.3/98 од 22.01. 1998 година.)

**Препорака**

Да се донесе закон за Агенции и да се дефинира каков вид државен орган претставуваат. Ова дотолку повеќе што во Република Македонија има голем број агенции уредени на различен начин.
Да се преземат активности и мерки за усогласување на актите, стратешките документи и законската регулатива, со цел да се обезбеди законитост и правилност во функционирањето на Агенцијата.

### 4.3. Финансиски извештаи

**Биланс на приходи и расходи**

4.3.1. Со увид во финансискиот извештај Биланс на приходи и расходи, ревизијата утврди неусогласеност во износ од 813 иљади денари, помеѓу сметководствените податоци од електронската евиденција кои се основа за изготвување на истиот. Ова не е во согласност со Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, според кој, сите податоци регистрирани во деловните книги треба да бидат точни, целосни и комплетни.

**Препорака**

Да се преземат мерки и активности кои ќе обезбедат изготвување на точни и целосни финансиски извештаи, врз основа на целосни и веродостојни сметководствени податоци.

**Биланс на состојба**

4.3.2. Со увид во Билансот на состојба и во сметководствената документација ревизијата констатира дека позицијата Материјални средства во износ од 28.442 иљади денари не е реално и објективно прикажана, поради следното:

- во сметководствената евиденција не се евидентирани сите градежни објекти со кои располага Агенцијата. Постапувајќи по препораките во Конечниот ревизорски извештај за 2006 година, Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството поднела барања до Агенцијата за катастар на недвижности и за дел од објектите обезбедени се имотни листови, но, сеуште има работни единици за кои не е обезбедена документација и не се внесени во сметководствената евиденција.
- Агенцијата располага со земјиште од околу 13.856м2 (ниви, дворови,

овоштарници и сл.) кое не е заведено во сметководствената евиденција.

Поради необезбедена поткрепувачка документација за навремено точно и целосно прикажување на материјалните добра, наведените состојби доведуваат до потценување на вредноста на истите во Билансот на состојба и не се во согласност со Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост, според кој секој државен орган треба да води внатрешна евиденција за користење на недвижните ствари во државна сопственост.

**Препорака**

Да се преземат мерки и активности за целосно евидентирање на материјалните добра во сметководствената евиденција.

**4.4. Користење на средства согласно законски прописи**

4.4.1. Во текот на 2011 година не е спроведена јавна набавка за одржување на апликативен софтвер и одржување на WEB страна на Агенцијата. Со увид во документацијата, ревизијата утврди дека плаќањата за оваа намена во вкупен износ од 279 илјади денари се извршени врз основа на договор[6] склучен во 2008 година.

Во јануари 2012 година, Агенцијата го раскинала споменатиот договор.

**Препорака**

Редовно да се спроведуваат одредбите од Законот за јавни набавки.

4.4.2. Утврдени се плаќања во износ од 62 илјади денари за користење на шест деловни простории под закуп. Од извршениот увид на склучените договори ревизијата констатира дека дел од склучените договори за закуп на деловни простории немаат важност за 2011 година односно не е извршено нивно обновување. Оваа состојба доведува до користење на услуги со необезбедена правна заштита т.е. до исплата на средства без веродостојна документација.

**Препорака**

Да се преземат активности и мерки за регулирање на важноста на договорите за закуп на деловен простор со склучување на анекс на договори.

[6] Договорот бр.03-225/1 од 01.12.2008

5. **Ревизорско мислење:**

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.3.1 и 4.3.2, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно во сите материјални аспекти финансиската состојба на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството - Битола, на ден 31 декември 2011 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.2, 4.3, 4.4, активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

6. **Нагласување на прашања на неизвесност**

Согласно меѓународниот стандард за ревизија 701 – Модификација на извештајот на независниот ревизор, точка 5, се додава пасус за нагласување на прашање кое влијае на финансискиот извештај Биланс на приходи и расходи, но истиот нема влијание на ревизорското мислење.

6.1. Во Буџетот на РМ, средствата планирани за извршување на редовните активности на Агенцијата, во последните четири години бележат тренд на опаѓање. Покрај тоа што Предлог Буџетот на Агенцијата се подготвува врз основа на Годишна Програма одобрена од страна на Владата на РМ, Буџетот што го одобрува Министерството за финансии од година во година се намалува. Од друга страна, покрај извршувањето на редовните активности дефинирани во законската регулатива, Агенцијата е вклучена и со своите капацитети учествува во реализација на Владините програми насочени кон поддршка на земјоделството, (Програма за финансиска поддршка во руралниот развој, ИПАРД Програмата, СИЗП[7], и други мандатирани обврски). Но, ограничените финансиски средства и човечки ресурси влијаат

[7] СИЗП - Систем на идентификација на земјишни парцели

на реализирањето на активностите[8] зголемувајќи го ризикот основната мисија на Агенцијата, да не се исполни во целост, а тоа е преку давање високо-квалитетни советодавни услуги на терен на индивидуалните земјоделски стопанства, да се подобри квалитетот и квантитетот на земјоделското производство во руралните и пазарно ориентирани средини.

6.2. Во агенцијата во тек е проект за надградба на апликацијата за мониторирање на фарми со понова апликација при што советниците на терен ќе ги внесуваат податоците во електронска форма директно на таблет (со екрани на допир) компјутери, каде со подобрени автоматски контроли ќе се избегнат грешките кои се прават при интервјуирање и внес на податоци. Истовремено ќе бидат и имплементирани и најновите измени на FADN[9] кои ќе стапат на сила во 2014 година и со тоа подоцна не е потребна дополнителна надградба.

Ревизијата укажува на потребата да се решат сеуште недефинираните односи и непотпишаниот договор околу взаемните права и обврски помеѓу МЗШВ и Агенцијата, а особено околу сопственоста на податоците (и потребата од нивно користење и за научни и други цели), пристапот, ажурирањето и одржувањето на централната база со податоци од фармите по имплементација на проектот.

Ревизијата укажува на потребата од поголема активност на Националниот Комитетот[10] и негово активно учество и давање насоки за сите активности кои во иднина ќе се превземаат во оваа област, како и поголема соработка и разбирање на државните институции кои третираат исти области.

6.3. Иако нема законски дефинирана обврска, Агенцијата учествува во реализација на ИПАРД програмата, се со цел да се постигне поефикасно користење на достапните ИПАРД фондови. Ревизијата укажува на потребата од што поскоро потпишување на меморандум на соработка со

[8] При анализа на реализираните активности на советниците (по поледелство, лозарство-овоштарство, градинарство, сточарство и агроекономија) за 2011 година констатирана е следнава состојба: Од страна на 91 советник дадени се вкупно 61 илјада стручни совети на земјоделците од кои 9 илјади совети директно на терен, 47 илјади совети дадени во дисперзираните канцеларии и 4 илјади совети дадени по телефон. Процентуално тоа би значело 16% од вкупно дадените совети се дадени на земјоделците директно на терен, 77% од советите се дадени во дисперзирани канцеларии, а 7% од советите се дадени со контакти по телефон.

9 FADN – мрежа за прибирање сметководствени податоци

10 Согласно Законот за воспоставување мрежа за прибирање сметководствени податоци од земјоделски стопанства

Агенцијата за финансирање и поддршка на земјоделството, во функција на прецизирање на обврските и разграничување на должностите.

6.4. Во Агенцијата, преку проект на Светска Банка, воспоставена е методологија за користење возила во сопственост на вработените за службени цели. Со оваа методологија треба да се обезбеди постојано обновување на возниот парк со располагање на фонд за набавка на возила на лизинг, без при тоа да се зголемат тековните трошоци за одржување на возилата, регистрација, осигурување и сл. Средствата од фондот за возила во износ од 36.936 илјади денари, се депонирани во Народна Банка.

Ревизијата се информира дека во мај 2012 година, фондот е ненаменски намален заради отплата на две судски пресуди во износ од 1.450 илјади денари, до денот на ревизијата, барањето на Агенцијата поднесено до Владата на РМ, во 2009 година за користење на средствата од фондот за намената за која се одобрени од Светска Банка (обновување на возниот парк), не е прифатено поради рестриктивните мерки на Владата на РМ. Со тоа постапката за набавка на нови возила не е почната, а Агенцијата се соочува со сериозен проблем за реализација на основна дејност. Ова дотолку повеќе што во јули 2012 година, Владата на РМ донела заклучок, да се разгледа можноста овие средства да се употребат за јакнење на кредитниот фонд за поголема искористеност на средствата од Програмата ИПАРД.

Ревизијата укажува дека употребата на средствата спротивно на намената за која се одобрени од Светска банка, не е во согласност со правилата на банката и го доведува во прашање функционирањето на Агенцијата.

Скопје 16.10.2012 година

## Сметка на основен буџет (637)
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2011 година

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2011** | **2010** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | `3.1 | 55.551 | 58.183 |
| **Вкупно приходи** | | **55.551** | **58.183** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | `3.2.1 | 45.727 | 46.388 |
| Стоки и услуги | `3.2.2 | 9.824 | 10.712 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **55.551** | **57.205** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | | 0 | 972 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **0** | **972** |
| **Вкупно расходи** | | **55.551** | **58.177** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2011 | 2010 (во 000 денари) |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | `4.1.1 | 4.152 | 2.308 |
| **Вкупно тековни средства** | | **4.152** | **2.308** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | `4.2.1 | 28.442 | 28.858 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | `4.2.2 | 439 | 439 |
| **Вкупно постојани средства** | | **28.881** | **29.297** |
| **Вкупна актива** | | **33.033** | **31.605** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | `4.3.1 | 410 | 2.308 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | `4.3.2 | 3.742 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **4.152** | **2.308** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | `4.4.1 | 28.881 | 29.297 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **28.881** | **29.297** |
| **Вкупна пасива** | | **33.033** | **31.605** |

**Сметка на основен буџет (637)**

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2011 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2011 година** | **28.858** | **439** | **29.297** |
| **Зголемување по основ на:** | **2.426** | **29** | **2.455** |
| Набавки | 353 | 29 | **382** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | - |
| Ревалоризација на капитални средства | 2.073 | | **2.073** |
| **Намалување по основ на:** | **2.842** | **29** | **2.871** |
| Отпис на капитални средства | | 29 | **29** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | - |
| Амортизација | 2.842 | | **2.842** |
| **Состојба 31.12.2011 година** | **28.442** | **439** | **28.881** |